## EBC*L Испитен лист

Почитувани,

Ве молиме да ги пополните празните места подолу. Со пополнување на овој документ потврдувате дека го комплетиравте тестот сами, без помош од други лица. Се согласувате со снимање и процесирање на одговорите од страна на компјутерот и со електронска трансмисија на резултатите од Вашиот тест.

sample exam

Овие податоци се основа на Вашиот сертификат. Ве молиме пишувајте читливо!

Позиција, име и презиме

E-mail

Адреса (поштенски број, место, улица)

Датум на раѓање | телефонски број

Име на испитниот центар | Место на полагање

Датум на полагање | Потпис

Пишувајте ги одговорите на прашањата единствено на специјални празни страници кои Ви се обезбедени за таа намена (не на листовите на кои Ви се дадени прашањата). Ако Ви е потребно дополнителна хартија, ве молиме обратете кај набљудувачите.

Кога ќе завршите, предадете ги сите листови (вклучувајќи ги и неупотребените) во плик.

Срећно!

**ПРАШАЊА НА ЗНАЕЊЕ (4 поени од прашање )**

sample exam

| Прашање | Поени |
|---|---|
| 1. Како се пресметува степенот на ликвидност и што ни покажува? | |
| 2. Што значи „профит/загуба во редовни активности" и како се пресметуваат? | |
| 3. Што се директни трошоци (цена на чинење)? Наведете два примера за фризерски салон. | |
| 4. Кој формален критериум треба да го исполнува бизнис договорот за биде легален? | |
| 5. Како се пресметува „приносот на сопствен капитал"? | |
| 6. Најчесто користена легална форма е „трговец поединец". Ве молам наведете 4 причини зошто оваа легална форма најчесто се користи. | |
| 7. Што значи поимот амортизација и како се пресметува? | |
| 8. По што се разликува анализата на трошоци од сметководството на профитен центар? | |
| 9. Што се тековни средства? Наведете два примери на тековни средства кај трговец на мебел. | |
| 10. Што се варијабилни трошоци? Наведете два примера на варијабилни трошоци за цвеќара. | |
| 11. Како се пресметува односот на сопствениот капитал и вкупниот капитал *equity ratio*? Што ни покажува овој финансиски показател? | |
| 12. Која е главната предност на Друштво со ограничена одговорност? Кои се негативностите (3 негативности)? | |
| 13. Дали е возможно да се повлече сопствениот капитал на компанијата веднаш (во кеш)? Наведете причина за Вашиот одговор. | |
| 14. Зашто не може цифрите кои произлегуваат од финансиското сметководство да се користат во анализата на трошоците непотврдени и непроменети? Наведете причина за Вашиот одговор! | |

15. Што се подразбира под основно комерцијално полномоштво доделено на повеќе луѓе кои мораат да делуваат заеднички?

16. Дали готовинскиот тек нормално е висок или понизок од профитот? Наведете причина за Вашиот одговор!

sample exam

## ПРАШАЊА НА РАЗБИРАЊЕ (6 поени по прашање)

sample exam

Поени

17. На крајот на годината, бизнисмен сака да купи кола на име на фирма која чини 24,000.00 Евра.
„Ова ќе го намали мојот профит за 24, 000.00 Евра. Ова ќе ми заштеди данок.”

Ве молиме објаснете дали постапката на бизнисменот е коректна или не.

18. Да претпоставиме дека сте партнер во едно ортачко претпријатие. Ова ортачко претпријатие банкротира. Вие сте еден од четворицата партнери во ортачкото претпријатие кој имате значајно – лично богатство. Доверителите бараат од тебе да ја превземеш сам целата одговорност.

Дали тие би биле успешни? Наведете причина за Вашиот одговор.

19. Еден фитнес центар има мала посетеност ова лето. Ова претставува голем проблем поради високите фиксни трошоци.

a. Кои фиксни трошоци на фитнес центарот би можеле да ги наведете?

b. Дали фитнес центарот може да ги намали цените под калкулираната долгорочна цена на чинење (како летен попуст) за да го зголеми интересот во лето? (Дадете одговор од гледна точка на бизнис менаџер).

c. Кои би биле негативните последици во овој случај? (наведете 2 примери)

20. Билансот на состојба на страната на средства покажува сума од 300.000,00 евра. Страната на сопствен капитал и обврски покажува позајмен капитал во износ од 280.000,00 евра. Позајмениот капитал се состои од 150.000,00 евра долгорочни банкарски заеми, 80.000,00 евра резерви и 50.000,00 евра краткорочна пасива (обврски). Приходите од продажба се 1.000.000,00 евра.

a. Пресметејте го односот на сопствениот капитал и вкупен капитал *equity ratio*.

б. Како го проценувате овој однос?

## Студија на случај (12 Поени)

21. Билансот на успех на компанијата (во сметководствена форма) изгледа вака:

sample exam

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трошоци на продажба | 26.000,000 | Приходи од продажба | 50.000,000 |
| Оперативни трошоци | 5.000,000 | Приходи од камата и хартии од вредност | 4.000,000 |
| Кадар | 15.000,000 | Вонредни приходи | 3.000,000 |
| Рекламирање | 1.000,000 | | |
| Амортизација | 4.000,000 | | |
| Каматен издаток | 2.000,000 | | |
| Вонрадни расходи | 1.000,000 | | |
| | | | |
| Профит | 3.000,000 | | |
| | 57.000,000 | | 57.000,000 |

Што е …

| | Поени |
|---|---|
| а) деловен резултат? | |
| b) профит/загуба на редовни активности? | |
| c) готовински тек? | |
| d)кои заклучоци можат да се извлечат од овие клучни финасиски показатели? | |

Запишете ја целата пресметка за секоја цел поединечно.